Врз основа на член 79 од Статутот на СОНК, Управниот Одбор на Синдикалниот Фонд на СОНК, на Седницата одржана на 16.04.2009 год. ја донесе следната

# О Д Л У К А

1. Износот на бескаматниот кредит од Синдикалниот Фонд на СОНК се зголемува од 10.500 денари на 12.000 денари.

2. Отплатата на бескаматниот кредит се врши во 8 месечни рати во износ од 1.500 денари.

3. Корисникот на кредит има право да поднесе барање и за износ помал од оној утврден во точка 1.

4. Критериуми за доделување на бескаматни кредити според бројот на членовите на Основната организација на СОНК се следните:

- Основна организација со бр.на членови до 25 ----------------- 3 кредити
- Основна организација со бр.на членови од 25 до 50 ---------- 4 кредити
- Основна организација со бр. на членови од 50 до 75 --------- 5 кредити
- Основна организација со бр. на членови од 75 до 100 ------- 6 кредити
- Основна организација со бр. на членови од 100 до 120 ------ 7 кредити
- Основна организација со бр. на членови над 120 ------------- 8 кредити.

5. Времето на доделување на кредити од точка 3 е на секои три месеци, со исклучок на оние Основни организации кои бројат над 120 членови, во рамките на можностите на Синдикалниот Фонд на СОНК да се доделат кредити и на два месеци.

Оваа Одлука стапува на сила од денот на нејзиното донесување.

Претседател,
Дојчин Цветаноски